**Далибор ТРАЈКОВ**[1]
**УДК: 351.746:347.96]:347.963(497.7)**

# ИЗВИДИ ОВЛАСТУВАЊА И ДОЛЖНОСТИ НА ПРАВОСУДНАТА ПОЛИЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ ОДНОСИ СО ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА

**Апстракт:** Во овој труд се прикажува важноста на полициските дејствија во предистражната постапка. Посебно внимание е посветено на односите помеѓу полицијата и јавното обвинителство во новиот Закон за кривична постапка, каде што е неопходна континуираната соработка на двата субјекти.

Улогата на полицијата во предистражната постапка има пресудно значење за одвивањето на понатамошната кривична постапка. Полицијата е таа која што најчесто прва дознава за постоењето на кривично дело и ги презема потребните мерки за докажување на истото. Прибирањето на доказите за докажување на вината кај осомничениот, треба да го прави на правно дозволен начин, со цел да се заштитата основните човекови слободи и права. Непочитувањето на човековите слободи и права при добивањето на докази го негира легалното стекнување на тие докази и поради тоа истите не можат да помогнат во понатамошната кривичната постапка.

За успешно извршување на нејзините задачи полицијата ги применува законски дадените овластувања кои се споменати во овој труд.

**Клучни зборови:** *овластувања, должности, јавен обвинител, предистражна постапка*

**Dalibor TRAJKOV**

# PRELIMINARY POLICE INVESTIGATION AND DUTIES OF THE JUDICIAL POLICE AND ITS RELATIONSHIP WITH THE PUBLIC PROSECUTOR IN THE PRELIMINARY INVESTIGATION

**Abstract:** This paper shows the importance of police actions in the preliminary investigation. Special attention is paid to the relationship between police and public prosecutors in the new Code of Criminal Procedure, which is necessary the continuous cooperation of the two entities.

[1]) Студент на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

The role of the police in preliminary investigation is of crucial importance for the further conduct of criminal proceedings. Police is the one most often first learned of the existence of an offense and shall take the necessary measures to prove the same. The collection of evidence to prove the suspect's guilt, should be done legally permitted manner, in order to protect fundamental human rights and freedoms. Disrespect for human rights in obtaining the evidence, deny the lawful acquisition of evidence and therefore they can not help in future criminal proceedings. For the successful execution of its tasks police apply legally given powers that are mentioned in this paper.

**Keywords:** *Powers, duties, public prosecutor, pre-trial proceedings*

**Вовед**

Во Законот за кривична постапка новина е називот „правосудна полиција" кој се користи и во која спаѓаат: полициските службеници од Министерството за внатрешни работи и припадниците на Финансиската полиција и со закон овластени лица на Царинската управа кои работат на откривањето на кривичните дела.

Предистражната постапка претставува темел и патоказ на понатамошната кривична постапка, затоа доказите за постоењето на кривично дело и доказите за постоење на вина на некое лице се причина за постоење на кривичната постапка. Како субјект од оваа почетна фаза на кривичната постапка, полицијата ја има задачата да го докаже постоењето на кривичното дело и да ги прибере потребните докази за докажување на извршителот на делото. Доказите кои се собрани од страна на правосудната полиција за да бидат вреднувани во понатамошната кривична постапка, потребно е истата при преземањето на мерките да ги почитува стандардите и основните човекови слободи и права.

Предистражната постапка ја опфаќа дејноста на телата на казнено гонење - јавно обвинителство и правосудната полиција, во откривање на казнени дела и на сторители како и во собирање на докази за покренување на казнена постапка и собирање и обезбедување на докази за нејзино спроведување. Доколку резултатите од предистражната постапка покажат дека покренувањето на казнената постапка е основано, обвинителството може да започне со нешто посилно правно нормирана истражна постапка.

Една од причините за реформата на Закон за кривична постапка е односот помеѓу полицијата и јавното обвинителство. Новиот модел на кривичната постапка не ја менува постапката и улогата на полицијата, туку ги зближува односите помеѓу полицијата и јавното обвинителство во текот на претходната постапка. Овие односи пред донесувањето на новиот закон за кривична постапка се дел од Законот за јавното обвинителство. Она што е најважно во новиот модел на кривичната постапка е тоа што не постои претходната неформална преткривична постапка која ја вршеше само полицијата и формалната судска истрага.

Во новата реформата на кривичната постапка се напушта судската истрага, односно истражниот судија како субјект во истрагата веќе не постои, главната улога во претходната постапка ја има јавниот обвинител. Тој се грижи за законитоста и исправноста на прибирањето на доказите од страна на правосудната полиција која постапува по негови насоки, освен во ситуации кога е неопходно во интерес на истрагата да дејствува без претходно информирање и добивање насоки од јавниот обвинител.

По наредба на јавниот обвинител и по службена должност правосудната полиција е должна: да презема мерки и активности со цел откривање и криминалистичко истражување на кривичните дела, спречување на натамошни последици на кривичните дела, фаќање и пријавување на нивните сторители, обезбедување на докази и други мерки и активности што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка.

Реформата на кривичната постапка придонесе да се избришат границите помеѓу криминалистичките правила и правните процедури, со што се балансира полициската ефикасност со правата и слободите на осомничените лица.

**Полициски извиди**

Полициските извиди се применуваат во најраната фаза од казнената постапка односно во предистражната постапка. Името „полициски извиди" го заменува „полициски истраги", со цел да се направи разлика од претходно споменуваната судска истрага.

По преземените мерки по пријавеното кривично дело, полицијата има обврска да го извести надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена за преземените дејствија, исто така на барање на јавниот обвинител доколку е потребно полицијата секојдневно ќе го известува за преземените мерки и резултатите од истите.[2] Дознавањето за сторено кривично дело може да биде:

- со непосредно забележување;
- по допрен глас;
- по примена кривична пријава.

Државните органи, како и јавните претпријатија и установи, имаат законска обврска да ги пријават кривичните дела кои се гонат по службена должност за кои се известени или за нив дознале на друг начин. При поднесувањето на пријава потребно е да се наведат доказите, за што се должни да преземат мерки за нивно зачувување. Како и јавните установи, така и секое физичко лице може да пријави кривично дело кое се гони по службена должност.

[2]) Наџ И. Улогата на полицијата при преземањето дејствија за обезбедување на докази во казнената постапка,стр.2

Со примање на кривична пријава или по добивањето на сознание за извршено кривично дело, правосудната полиција е должна да преземе мерки за расветлување на кривичното дело и пронаоѓање на сторителот. За остварување на својата цел полициските службеници ги применуваат нивните традиционални овластувања. Овие дејствија на правосудната полиција во кривичната постапка се наречени полициски извиди. Како и во претходниот така и во новиот ЗКП, начинот односно постапката за спроведување на полициските извиди и овластувањата се регулирани.[3]

Извидните дејствија се наменети за откривање на кривичното дело, за разлика од истражните дејствија кои се наменети за докажување на кривичното дело.[4] Добивката од спроведувањето на извидите се побива поради тоа што истите не ги претставуваат доказите туку само фактите и околностите кои можат да бидат од интерес за казнената постапка.[5] Поради тоа што извидите претставуваат неформално постапување, резултатите од нив неможат да се користат како доказ во текот на казнената постапка, од таа причина судската одлука не може да се темели на нив.[6] Од причина што не постојат законски одредени форми кои го пропишуваат спроведувањето на извидите, тие не претставуваат формално дејствие и поради тоа доказите стекнати од нив не можат да се користат како доказ во постапката.

Услов за започнување полициските извиди е постоењето на основи на сомневање дека е стореното кривично дело кое се гони по службена должност, што е законски услов, кој претставува службена должност за постапување на правосудната полиција. Исто така полицискиот извид може да започне и по барање на јавниот обвинител.

Полициските дејствијата кои се преземаат при извидите претставуваат криминалистички правила и се дел од полициските правни регулативи.

Со примената на полициските извиди во предистражната постапка на јавниот обвинител му се обезбедува материјал за да оцени дали основите на сомнение како првични сознанија, преминуваат во основано сомнение како повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучокот дека определено лице сторило кривично дело, за да може да се премине на вториот стадиум од претходната постапка, односно да се започне истражната постапка.

Во новиот модел на кривичната постапка јавниот обвинител има право и должност на постојана контрола врз полицијата при спроведување извидите, исто така јавниот обвинител може и сам да ги спроведува извидите.

3) Калајџиев Г. „Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и истражните центри на јавното обвинителство“.

4) Павишиќ, Б. (2003), Komentar Zakona o kaznenom postupku, Ţagar, Rijeka, стр. 224.

5) Крапац, Д., (1993),Kazneno procesno pravo, Institucije, Narodne Novine, стр. 338.

6) Томашевиќ Г.,(1998), Kazneno procesno pravo, Pravni fakultet , Split, стр. 160.

**Овластувања и должности на правосудната полицијата**

Доколку постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело кое се гони по службена должност, овластените службени лица на Министерството за внатрешни работи, Финансиската полиција и Царинската управа се должни да ги преземат потребните мерки да се пронајде извршителот на кривичното дело, извршителот или соучесникот да не се скрие или да не побегне, да се откријат и да се обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што може да послужат како доказ, како и да се соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка.

Несомнено е дека составување на кривична пријава, како најважен повод за поведување на кривичната постапка, во која се наведуваат доказите врз основа на собраните сознанија, е најзначајно право и должност на правосудната полиција. Кон кривичната пријава се доставуваат и предмети, скици, фотографии, набавени извештаи, спици од преземените мерки и дејствија, службени белешки, изјави и други материјали кои можат да бидат корисни за успешно водење на постапката, а не се внесува содржината на изјавите што одделни граѓани ги дале при собирањето на известувањата. Исто така, должност на правосудната полиција е дополнување на кривичната пријава до јавниот обвинител, ако дознаат за нови факти, докази и траги на кривичното дело по поднесувањето на пријавата, како и должноста да го извести јавниот обвинител и кога врз основа на собраните сознанија нема основа за поднесување кривична пријава.

Правосудната полиција по приемот на кривична пријава за кривично дело кое се гони по службена должност или предлог за гонење, должна е документацијата без одлагање и во редовно работно време да ја достави на надлежниот јавен обвинител. Доколку се пријавува тешко кривично дело дело за кое е пропишана казна затвор најмалку 4 години, во тој случај треба усно и преку средства за комуникација да го извести веднаш надлежниот јавен обвинител.

Полициските службеници од Министерството за внатрешни работи како дел од правосудната полиција во кривичната постапка, во однос на припадниците на Финансиската полиција и овластените лица на Царинската управа, работат во откривањето на поголем дел од кривичните дела. Своите работни задачи полициските службеници ги извршуваат со применувањето на законски дадените овластувања.

Полициските овластувања се дејствија пропишани со закон кои му овозможуваат на полицискиот службеник да ги извршува своите работни задачи. Можеме да ги гледаме како право и должност на полицискиот службеник да преземе одредени активности. Правото и должноста за полицискиот службеник укажуваат на тоа тој одредени

дејствија смее или мора да ги преземе исклучиво на начин и ситуации кога тоа е пропишано со закон, односно кога законот тоа го дозволува. Во рамките на тие овластувања полицискиот службеник одредени дејствија ги презема сам или кога некое лице-граѓанин бара да преземе или не преземе нешто.

Конкретните околности го одредуваат видот на овластувањето, како и времето на неговото преземање, односно преземањето на одредено овластување не зависи од волјата на полицискиот службеник, напротив тој е должен да ги применува овластувањата кога е потребно.[7]

Непочитувањето на човековите права од страна на полициските службеници е присутно, иако примената на полициските овластувања во кривичната постапка се поткрепени со законска основа. Од таа причина на поединецот му се гарантира неговиот дигнитет, односно се заштитува од можна злоупотреба на власта, што значи заедницата е должна на поединецот да му го гарантира правото на живот, слободата, заштита и забрана од мачење, нечовечно или понижувачко однесување или казнување како основни човекови права.[8]

Во член 28 од Законот за полиција се уредени полициските овластувања, а тие се:

1. проверка и утврдување на идентитетот на лица и предмети;
2. собирање на информации;
3. повикување;
4. приведување;
5. задржување;
6. потрага по лица и предмети;
7. пренасочување, насочување или ограничување на движењето на лица и превозни средства на определен простор за нужно потребно време;
8. предупредување и наредување;
9. привремено одземање на предмети;
10. преглед или претрес на определени објекти и простории на државни органи, институции што вршат јавни овластувања и други правни лица и вид во определена нивна документација;
11. сопирање, преглед или претрес на лица, багаж и превозни средства;
12. обезбедување и преглед на местото на настанот;
13. примање на пријави;
14. јавно распишување награда;
15. снимање на јавни места;

[7] Наџ И. Улогата на полицијата при преземањето дејствија за обезбедување на докази во казнената постапка, стр. 2

[8] Мурговски Б.: Материјал од предавања, предмет Полицијата и човековите права, тема „Меѓународни и национални стандарди за улогата и структурата на полицијата во демократското општество"

16. собирање, обработка, анализирање, користење, оценување, пренесување, чување и бришење на податоци, како и обработка на лични податоци под услови и на начин утврдени со овој и посебен закон;
17. примена на посебни истражни мерки и прикриени извори на податоци и
18. заштита на лица опфатени согласно со прописите за заштита на сведоци.

Законот за кривична постапка во Република Македонија ги предвидува правата и должностите на правосудната полиција, а се наведени од член 276 до член 281. Овие права и должности полицијата ги презема применувајќи ги своите овластувања во случај кога има сознание дека постои кривично дело. Полициските службеници се должни да извршат проверки и активности по дознавањето за постоење на кривичното дело, со цел потврдување на истото, вршење проверки за добивање основ за сомневање кон конкретно лице што е услов за преземање на други дејствија. Ако полицијата по дознавањето за стореното кривично дело започнала со полициските извиди, има должност без одлагање да го извести јавниот обвинител, но сепак известувањето не може да биде секогаш со иста брзина од причина што во одредени случаи полицијата треба првично самата да ги провери информациите, дали навистина постои некаква основа на сомнение дека се работи за кривично дело кое се гони по службена должност. Брзината на известувањето зависи и од тежината на кривичното дело, односно доколку се работи за лесни кривични дела известувањето може да биде и наредниот работен ден, во спротивно ако се работи за тешки кривични дела полицијата го известува надлежниот јавен обвинител веднаш.

**Односите помеѓу правосудната полиција и јавното обвинителство**

Подобрената соработка помеѓу правосудната полицијата и јавниот обвинител е основен белег на претходната постапка во новиот модел на кривичната постапка во Република Македоња. Јавниот обвинител е тој којшто раководи со претходната постапка, поради тоа правосудната полиција е должна навремено да го информира јавниот обвинител за преземените мерки. Имајќи ја предвид праксата дека во најголемиот дел кривичните дела се пријавуваат во правосудната полиција, истата на почетокот на предистражната постапка е должна да го извести јавниот обвинител доколку постои основи на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност.

Правосудната полиција согласно со законски утврдениот делокруг презема мерки и активности за откривање на кривичните дела и нивните сторители, обезбедување на докази за кривичните дела и преземање на други мерки за непречено водење на кривичната постапка.

Јавниот обвинител по дознавањето за постоење на кривично дело издава наредба за постапување на правосудната полиција која е должна да постапи по наредбите и во рок од 30 дена од приемот на наредбата да го извести преземените мерки. Јавниот обвинител може рокот за известување да го продолжи за најмногу 30 дена во сложени случаи, на тешки кривични дела сторени од криминална група или од повеќе лица. Правосудната полиција треба континуирано да презема дејствија за расветлување на кривичното дело, без оглед на тоа дали претходно има добиено наредба и насоки за постапување и за добиените резултати од полициските извиди е должна да го информира јавниот обвинител. Врв на соработката помеѓу правосудната полиција и јавното обвинителство во новиот модел на кривичната постапка треба да биде функционирањето на истражните центри каде работните задачи заеднички ќе ги извршуваат вработени од институции кои се дел од правосудната полиција и јавните обвинители.

Правосудната полиција во истражните центри треба да има поголема улога во фазата на претходно прибирање на известувања, во однос на истражната постапка, каде што дејствијата ги презема непосредно јавното обвинителство, иако правосудната полиција може да му помага. Ова не значи дека правосудната полиција во истражните центри не може да работи и во фазата на откривање и пријавување во предистражната постапка во случаи кога обвинителството самото ќе дознае дека е сторено кривично дело.

Во новиот модел на кривичната постапка јавниот обвинител е хиерархиски е надреден над полицијата во текот на целата претходна постапка, што значи и во предистражната постапка. Јавниот обвинител во постапката ја користи правосудната полиција како алатка за работа за гонење, пронаоѓање, обезбедување на докази и откривање на сторителите на кривични дела. Правосудната полицијата е во подредена улога во однос на јавниот обвинител, имајќи предвид дека е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител, од кого е контролирана при применувањето на полициските овластувања и преземањето мерки.

За добивање на квалитет во својата работа потребен е ваков однос помеѓу овие институции. На овој начин се добива добра организација, тимска работа, коректност во постапувањето, како и контрола и анализа на секоја преземена мерка од страна на правосудната полиција, со што ќе се избегне секаква злоупотреба на овластувањата.[9]

Правосудната полицијата покрај тоа што го известува јавниот обвинител за добиените инфирмации и докази во врска со кривичното дело го известува и во случај кога осомничениот е лишен од слобода или

---

9) Биро за јавна безбедност на Министерство за внатрешни работи, Центар за обука (2013), Прирачник за Законот за кривична постапка, стр.17.

е задржан во просториите на организационите едници на Министерството за внатрешни работи.

Во прилог на известувањето за постоење на кривичното дело и преземените мерки, на јавниот обвинител правосудната полиција му доставува и записник за примање пријава или записник од извршен увид на местото на настанот, како друга документација од преземени мерки за расветлување на кривичното дело.

Јавниот обвинител мора да ја надгледува работата на правосудната полиција, пред сѐ кога се работи за почитување на правата на осомничениот, како и во сите други случаи да и издава посебни инструкции за работа.[10] Од друга страна правосудната полиција е должна да постапува по наредбите и насоките дадени од јавниот обвинител.

На овој начин на полицијата не ѝ се дозволува да се најде во надредена позиција во однос на јавниот обвинител, а пак јавниот обвинител во претходната постапка не е повеќе пасивен субјект.

Со новиот Закон за кривична постапка предвидено е воведување на истражните центри каде што особено ќе дојде до израз контролата и надзорот што јавниот обвинител ќе ги врши врз припадниците на правосудната полиција кои ќе бидат вработени во тие истражни центри.[11] Ваквата контрола практично јавниот обвинител ќе ја нема над полициските службеници кои не се дел од неговиот тим, а кои исто така имат должности и овластувања да преземаат мерки во предистражната постапка.[12]

Ваквата улога на јавниот обвинител се зајакнува, со тоа што му е дадено правото да иницира поведување на дисциплинска постапка, за дисциплинска одговорност на припадниците на правосудната полиција кои се дел од истражните центри. Оваа дисциплинска постапка јавниот обвинител ја поднесува до органот каде што се вработени припадниците на правосудната полиција. По завршувањето на дисциплинска постапка надлежниот орган го известува јавниот обвинител за донесената одлука. Доколку од таквата одлука јавниот обвинител не е задоволен, ја известува Владата на Р.Македонија. Очигледно е дека ваквите законски решенија не се предвидуваат само со цел да се зајакне улогата на јавниот обвинител во претходната постапка. На овој начин не само што се зајакнува улогата на јавниот обвинител во новата претходна постапка, туку се докажува и неговата контрола над правосудната полиција, која е неопходна имајќи ги предвид пречекорувањата на полициските службеници при применување

10) Витларов Т. (2012), Научна статија „Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка”, стр.72.

11) Тромбева М., Научна статија „Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка“, стр.3.

12) Калајџиев Г. И. Стојановски Т. (2006), Критички осврт кон Законот за полиција, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, стр. 13-28.

на своите овластувања со што се врши директен атак на човековите слободи и права.[13]

Во пракса правосудната полиција ужива голема автономија во текот на предистражната постапка, иако треба своите полициски истраги да ги презема по насоки на јавното обвинителство. Тоа се должи поради тоа што: правосудната полиција е пооперативна, јавното обвинителство е сè уште пасивно, неинформирање на јавното обвинителство од страна на правосудната полиција сè додека не се изготви кривичната пријава, недоволниот персонал во јавното обвинителство.

Новиот Закон за кривична постапка на некој начин има заштитничка улога за полициските службеници кои се дел од истражните центри, во поглед на нивното прераспоредување на друго работно место во Министерството во кое се вработени или пак да бидат спречени да работат предметниот случај, без одобрение на јавниот обвинител. Во пракса правосудната полиција тешко им се покорува на наредбите на јавниот обвинител во споредба со одговорностите што полициските службеници ги имаат и чувствуваат кон претпоставените полициски началници.[14]

**Заклучок**

Улогата на правосудната полиција во кривичната постапка е од голема важност. Правосудната полицијата е таа која во најголем број случаи прва дознава за постоењето на кривично дело и презема дејствија за негово докажување и расветлување. Применувајќи ги своите традиционални овластувања и должности во претходната постапка доаѓа до потребните докази кои овозможуваат водење на кривична постапка.

Во предистражната постапка полицијата работи на откривање на кривичното дело, пронаоѓање на сторителот, откривање и обезбедување на трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат за успешно водење на кривична постапката како и преземање на определени истражни дејствија за кои постои опасност од одлагање. Дејствијата кои ги презема полицијата во предистражната постапка не се формални истражни дејствија, тие претставуваат претходни мерки и информации кои овозможуваат успешно водење на понатамошната истрага. Не е исклучена можноста правосудната полицијата на сопствена иницијатива да постапува за што има обврска кога постои основано сомнение дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност.

Во новиот модел на кривичната постапка е зајакнат односот помеѓу

13) Калајџиев Г., Зафировски В., Гавровски В., Пировска У., Јанкуловски З. и Ибраим З. – „Анализа на домашното законодавство, институции и практика во случаи на пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица"

14) Бужаровска Г.: Редефинирана улога на јавниот обвинител во казнената постапка во: Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје

јавниот обвинител. Правосудната полиција е главна алатка на јавниот обвинител во текот на истражните дејствија. Во новиот Закон за кривична постапка во Република Македонија истражниот судија не постои, со тоа на јавниот обвинител му е овозможено да господари со истрагата. Од таа причина заради успешно водење на истрагата јавниот обвинител има потреба и му е овозможена поголема контрола над правосудната полиција. Таа е должна веднаш по дознавањето за постоење на кривично дело кое се гони по службана должност да го известува јавниот обвинител. Исто така, полицијата има обврска да го информира јавниот обвинител за преземените мерки за докажување на кривичното дело и прибирање докази за постоење на вина за осомниченото лице. Полицијата е должна да постапува по насоките, односно по наредбите кои ги добива од јавниот обвинител во текот на истрагата.

Припадниците на правосудната полиција имаат значителна автономност што се однесува на нивната активност, но сега ќе мора порано да го известува обвинителот и да работи според неговите упатства и наредби. Јавните обвинители веќе не ги решаваат казнените пријави потпирајќи се само на работата на полицијата, туку значително порано можат да влијаат врз целокупниот процес на прибирање податоци за казненото дело и за сторителот. Надреденоста на обвинителот над работата на правосудната полиција, настапува во моментот на сознанието дека постои определен степен на сомнение дека е сторено кривично дело. Од ова произлегува дека обвинителот нема надзор, ниту можност за раководење и за управување со работата на овластените службени лица, пред сознанијата дека постои определен степен на сомнение дека е сторено казнено дело.

Успешноста на предистражната постапка најмногу зависи од работењето на правосуднта полицијата. Тоа е, пред сè, поради поголемата криминалистичката способност и искуство, како и техничка опременост на полицијата во однос на јавното обвинителство.

**Користена литература**

Биро за јавна безбедност на Министерство за внатрешни работи, Центар за обука (2013), Прирачник за законот за кривична постапка, стр.17.

Бужаровска Г., Редефинирана улога на јавниот обвинител во казнената постапка во: Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први” - Скопје.

Витларов Т. (2012), Научна статија „Новата улога на јавниот обвинител во казнената постапка”, стр.72.

Калајџиев Г., Стојановски Т. (2006), Критички осврт кон Законот за полиција, Билтен бр. 1, ФИООМ, Скопје, стр. 13-28.

Калајџиев Г., Зафировски В., Гавровски В., Пировска У., Јанкуловски З. и Ибраим З. – „Анализа на домашното законодавство, институции и практика во случаи на пречекорување на овластувања од страна на овластени службени лица”.

Калајџиев Г. „Формирање, организација и функционирање на правосудната полиција и истражните центри на јавното обвинителство“.

Крапац, Д., (1993), Kazneno procesno pravo, Institucije, Narodne Novine, стр. 338.

Мурговски Б. Материјал од предавања, предмет Полицијата и човековите права, тема „Меѓународни и национални стандарди за улогата и структурата на полицијата во демократското општество”

Наџ И. Улогата на полицијата при превземањето дејствија за обезбедување на докази во казнената постапка, стр.2.

Павишиќ, Б. (2003), Komentar Zakona o kaznenom postupku, Ţagar, Rijeka, стр. 224.

Томашевиќ Г.,(1998), Kazneno procesno pravo, Pravni fakultet , Split, стр. 160.

Тромбева М., Научна статија „Улогата и постапувањето на јавниот обвинител во предистражната постапка“, стр.3.